ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 19-105/4**

**Дата: 03.03.2014**

**ДО**
**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ**
**" МАКЕДОНСКА ПОШТА" ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ – СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Македонска пошта во државна сопственост – Скопје, (во понатамошниот текст Македонска пошта ) за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај во месец март 2010 година за извршена ревизија на спроведување на дадените препораките во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година.

При ревизијата беа земени во предвид препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор при што е утврдено дека од дадените три препораки спроведувањето на две препораки е во тек, а една препорака е делумно спроведена. Целосното спроведување на препораките кои се во тек зависи и од други учесници поради што се уште трае постапката за нивно спроведување.

Ревизијата се воздржа од давање на мислење за финансиските извештаи за 2012 година а активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Македонска пошта во државна сопственост – Скопје не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

---

*Ревизорски тим:*
*1.*____________________
*2.*____________________
*3.*____________________

*Овластен државен ревизор*

______________________________

Македонска пошта нема воспоставено контрола и пишани процедури за давање на средствата во употреба кои се наоѓаат во Подружниците.

Како резултат на недоволно почитување на пропишаните акти во досегашното работење има појави на повеќе неправилности, злоупотреби и измами што довело до материјална штета на друштвото, при што во сметководствената евиденција се искажани Побарувања од кусоци на пошти од кражби и разбојништва.

Констатирани се неоправдани пречекорувања на благајничкиот максимум во одредени ЕПМ (единици на поштенска мрежа) во подружниците што не е во согласност со Одлуката за висината на благајничкиот максимум, како и интерните упатства и правилници за благајничко работење.

Воспоставената е пракса во сметководствената евиденција приходите, расходите, побарувањата и обврски да не се евидентираат во годината кога настанале што предизвикува нереално и необјективно искажување на позициите во финансиските извештаи.

Поради настанат пожар на 15.01.2013 година, ревизијата не доби на увид дел од финансиската документација која се однесува за дел од позициите што има влијание на мислењето за финансиските извештаи.

Во поглавјто 6 кое се однесува на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ги обелодени состојбите поврзани со: не завршената поделба на имотот на Македонска пошта со Македонски телеком, не усвоените годишни сметки и финансиските извештаи за периодот од 2006 година до 2012 година освен за 2011 година од собранието, одредбите од договорот за меѓусебна соработка со Поштенска банка, судските спорови, состојбите со побарувањата и обврските, промената на Законот за банки што влијае на сопственоста на акциите во Поштенска банка.

Законскиот застапник на Македонска пошта достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година кои овластениот државен ревизор не ги прифати од причини што дел од забелешките претставуваат известување по дадените препораки а за дел не се доставени дополнителни докази кои ќе ги оспорат констатираните состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (страна 30 до 33) заедно со ревизија на усогласеност на Акционерското друштво за поштенски сообраќај “Македонска пошта“ во државна сопственост ( во понатамошниот текст Македонска пошта) за 2012 година кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех, извештај за промените во главнината/капиталот и извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за извршена ревизија на спроведување на дадените препораки во конечниот извештај на овластениот државен ревизор на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај “Македонска пошта “ ц.о. Скопје од 2006 година. Со ревизијата е утврдено дека постои напредок во имплементација на дадените препораки.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Рафиз Алити, генерален директор од 13.10.2011 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Македонска пошта се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.
Поради прашањата опишани во делогруг на ревизијата – ревизорски постапки ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи во сите материјални аспекти се, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази кои што ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикашувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измама или грешка.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не и за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата се воздржа од мислење за финансиските извештаи на Македонска пошта поради: неразрешената поделба на имотот со Македонски телеком АД – Скопје, искажаните побарувања од кусоци на пошти од кражби и разбојништво и побарувањата од проневери од вработени, не соодветното разграничување на искажаните расходи по години, начинот на признавање и мерење на расходите за гориво.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.09.2013 до 23.12.2013 година кај Македонска пошта од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР издаден на 08.03. 2010 година за извршена ревизија на спроведување на препораките во Конечниот извештај од 2006 година. Прегледот од извршената ревизија на спроведување на препораките од извештајот од 2006 година е прилог на овој извешатај.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека две препораки се во тек а една препорака е делумно спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот-предмет на ревизија, одржан на ден 10.01.2014 година.

Законскиот застапник на Македонска пошта достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година кои од овластениот државен ревизор не се прифатени од причини што дел од доставените забелешки претставуваат известување за состојбите по дадените препораки а за дел не се доставени дополнителни докази кои ќе ги оспорат утврдените состојби.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Со увид во воспоставениот систем на интерни контроли во делот на активирањето на постојаните средства, ревизијата констатира дека Македонска пошта нема воспоставено соодветни контроли и пишани процедури за давање на средствата во употреба кои се наоѓаат во Подружниците. При приемот на материјалните средства во Подружниците како и нивно ставање во употреба, нема релевантен документ кој го потврдува истото, како и доказ дека средството се користи односно е ставено во употреба. Единствена контрола е пописот кој е задолжителен на крајот на

годината со кој се констатира фактичката состојба на материјалните средства по Подружници. Горенаведеното предизвикува ризик од немање на увид дали средствата се користат или не, односно кога истите се ставаат во употреба/се активираат во Подружниците, што може да предизвика нереално пресметување на амортизацијата.

**Препорака**
Органите на управување и раководење да пропишат и воспостават процедури со кои ќе се има увид во движењето на постојаните средства од нивната набавка до нивното активирање и ставање во употреба во Подружниците.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Извршувањето на услугите во поштенскиот сообраќај и вршењето на платен промет во земјата во Македонска пошта е уредено со законската регулатива од наведените области. Согласно законската регулатива, донесени се повеќе интерни акти (правилници, упатства, пишани процедури, наредби) во кои подетално се опишани определени дејствија кои треба да се преземат за квалитетно функционирање на поштенскиот сообраќај и платниот промет. Како резултат на недоволно почитување на пропишаните акти во досегашното работење присутна е појава на повеќе неправилности, злоупотреби и измами што довело до материјална штета на друштвото, евидентирани во сметководствената евиденција под 31.12.2012 година како Побарувања од кусоци на пошти од кражби и разбојништва во износ од 82.894 илјади денари и Побарувања од проневери од вработени во износ од 20.804 илјади денари. Во 2013 година оваа состојба бележи зголемување при што до денот на ревизијата искажани се Побарувања од кусоци во пошти од кражби и разбојништво во износ од 99.410 илјади денари и Побарувања за кусоци од проневера од вработени во износ од 23.812 илјади денари.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење да ги преземат потребните мерки и активности за доследно почитување на пропишаните упатства и процедури за работењето со цел да се намалат ризиците во дејноста.

4.2.2. Во Месечните прегледи за висината и пречекорување на благајничкиот максимум изготвени од страна на Подружниците и доставени до Секторот за поштенски сообраќај, констатирани се неоправдани пречекорувања на благајничкиот максимум во одредени ЕПМ (единици на поштенска мрежа) во Подружниците што не е во согласност со Одлуката за висината на благајничкиот максимум, како и интерните упатства и правилници за благајничко работење. Непочитувањето на интерните акти одлуки, упатства, правилници, наредби предизвикува создавање "одвишок" на парични средства во ЕПМ, што претставува потенцијален ризик за кражба на паричните средства и нанесување материјална штета за делот над благајничкиот максимум поради фактот што паричните средства кои се над висината на благајничкиот максимум не се осигурани од кражби и во случај на кражби не ги обештетува осигурителната компанија.

**Препорака**

Надлежните органи на управување и раководење да преземат активности за вршење на повремени (ненајавени ) и континуирани контроли на висината на благајничкиот максимум и да предложат соодветните мерки за одговорност на лицата кои не ги почитуваат утврдените процедури.

4.2.3. Постапките за осигурувањето на имотот во Македонска Пошта кое што опфаќа повеќе видови осигурување[1], за деловните 2010, 2011, 2012 и 2013 година, се објавувани со нагласување дека

[1] осигурување на градежни објекти, каско осигурување на моторни возила, осигурување на парични средства кај пошторазнесувачи, осигурување на парични средства во трезор и каса, осигурување на парични средства во манипулација, осигурување на парични средства во менувачки места, осигурување на компјутерска и друга опрема, осигурување на залихи, осигурување на парични средства во транспорт.

осигурувањето важи во периодот од 01.01 до 31.12. тековната година без да се води сметка за периодот на објавувањето и склучувањето на договорите. За осигурувањето за 2012 година, во август склучена е Рамковна спогодба и Договор за осигурување на имотот со ретроактивна важност на периодот на полисата од 01.01. деловната година, што не е во согласност со Законот за облигации. Имено во Законот за облигации предвидени се одредби за осигурувањето со кои се регулираат активности поврзани со: склучување на договор, обврските на осигуреникот - односно на договарачот на осигурување, обврски на осигурувачот, траење на осигурувањето, одредби за осигурување на имот и одредби за осигурување на лица. За осигурувањето на имотот најопштите одредби се однесуваат на следното:

- Со осигурување на имот се обезбедува надомест на штетата која би настанала во имотот на осигуреникот поради настапување на осигурениот случај;
- Настанот за кој се склучува осигурувањето (осигурен случај) мора да биде иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на договарачот;
- Договорот за осигурување е склучен кога договарачите ќе ја потпишат полисата на осигурување или листата на покритие.

Со спроведување на постапката на осигурување по која се склучува договор за осигурување за деловната година во текот на истата, како и ретроактивна важност на полисата за осигурување, создава ризик субјектот да не ја наплати штетата[2], а со ваквото склучување на договор суштински е покриен само дел од периодот, иако полисите се однесуваат за период од една година.
За настанатата штета со пожарот во 2013 година Македонска пошта има поднесено пријава за штета, но за истата до денот на

[2] Со извршената ревизија на ФИ за 2005 година, ДЗР констатира дека иако постапката за осигурување е за деловната 2005 година, договорот е склучен на 22.04.2005 година за едногодишно осигурување со важност од 01.02.2005 до 01.02.2006 година. Имајќи во предвид дека во јануари 2005 година извршени се кражби на парични средства во износ од 3.823 илјади денари, осигурителната компанија не го преземала ризикот и склучила договор со период на важност од февруари 2005 година, а не за деловната година како што е наведено во тендерската документација.

ревизијата не се презентирани докази дека е извршена наплата на штета од пожарот.

За констатираната состојба, ревизијата не дава препорака, поради тоа што Македонска пошта за осигурување на имотот за 2014 година склучила договор кон крајот на 2013 година со што постапила и по заклучокот на Владата на РМ донесен во 2013 година по настанување на пожарот, со кој се задолжуваат сите државни институции, министерства, агенции, бироа, фондови, акционерски друштва во државна сопственост, осигурувањето на имотот да го започнат најдоцна до март претходната година и да завршат до септември претходната година.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Во финансиските извештаи на Македонска пошта искажани се градежни објекти и земјиште чија сегашна вредност изнесува 1.033.548 илјади денари кои произлегуваат од делбениот биланс со Македонски Телеком АД – Скопје (МКТ) од 1997 година, во кој влегуваат 198 заеднички објекти и 65 објекти кои ги користи Македонска пошта. Финалното разрешување на поделбата со Македонски Телеком се уште не е завршена, истата е поврзана со заеднички правни дејствија со МКТ[3] за што ревизијата подетално се произнесува во делот на поглавјто - нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, подолу во овој извештај. Имајќи во предвид дека активностите за детализација на поделбата се започнати во 2009 година и се уште траат, ревизијата не може да се увери во реалното и објективно презентирање на вредноста на имотот / градежните објекти и земјиште а со тоа да го процени вкупниот ефект врз финансиските извештаи. Поради веќе започнатите активности за поделбата на имотот, ревизијата не дава препорака.

4.3.2. Во финансиските извештаи евидентирани се градежни објекти вон употреба ( неактивни пошти) со сегашна вредност од 28.999

[3] Утврдување на реални делови (квадратура) помеѓу МП и МКТ за секој заеднички објект, договор за физичка делба, доставување на договорот со целокупна документација до подрачните единици на УЈП, заверка на договор кај надлежен нотар во Катастар, изготвување на имотни листи.

илјади денари, како и станови и станбени згради со сегашна вредност од 1.726 илјади денари кои потекнуваат од минати години а се однесуваат за становите во општествена сопственост, за кои престанало да се пресметува амортизација.

За евидентираните градежни објекти кои се вон употреба, како и за становите и станбените згради кои потекнуваат од минати години, ревизијата не може да се увери дали истите се реално и објективно презентирани во финансиските извештаи поради тоа што Македонска пошта нема донесено одлука за утврдување на статусот на горенаведените градежни објекти.

**Препорака**

Органите на управување и раководење да преземат мерки и активности за утврдување на состојбата на градежните објекти вон употреба, становите и станбените згради со цел реално и објективно евидентирње во сметководствената евиденција согласно МСС.

4.3.3. Македонска пошта воспоставила пракса во сметководствената евиденција во деловната 2012 година да евидентира дел од приходите, расходите, побарувањата и обврските кои се однесуваат за 2011 година, а исто така и приходите, расходите, побарувањата и обврски кои се однесуваат за 2012 година да се евидентираат во 2013 година. Вака воспоставената пракса придонесува да не се врши правилно разграничување на сметководствените настани во соодветната година и предизвикува нереално и необјективно искажување на позициите во финансиските извештаи во делот на приходите/расходите, што пак има влијание на финансискиот резултат во Билансот на успех како и на искажаните побарувања и обврски во Билансот на состојба.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на Македонска пошта да преземат мерки и активности за почитување на пропишаните процедури за движење на документацијата со што ќе се овозможи навремено доставување до Службата за сметководство заради навремено евидентирање.

4.3.4. Македонска пошта, за потребите на својата дејност користи и располага со голем возен парк во Дирекцијата и во Подружниците низ РМ (патни коли, теретни возила и мопеди). Расходите за горивото во најголем дел се направени со користење на верна картички преку добавувач со претходно спроведена постапка за јавна набавка. Македонска пошта, има донесено Упатство за начинот на користење на службените возила во Дирекцијата, од ноември 2007 година. Истото не е оперативно, не се спроведува соодветно и не се однесува и за возниот парк во Подружниците. Со увид на начинот на потрошувачката на горивото, ревизијата не доби уверување дека се воспоставени контроли со утврдени јасни правила, критериуми за начинот на користење на службените возила и дека истите се користат само за службени цели а средствата за гориво се наменски и економично потрошени. Имено ревизијата констатира дека во сметководствената евиденција врз основа на која се искажани расходите се приложени единствено фактурите од добавувачот, без соодветна контрола и упарување со останатата поткрепувачка документација, фискални сметки, сметкопотврди и патни налози со за која ревизијата доби информација дека е уништена со пожарот во 2013 година. Признавањето на трошоците за гориво во износ 34.492 илјади врз основа на некомплетна и неверодостојна документација не е во согласност со Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, Правилникот за водење сметководство – МСС 1, и член 469 и 472 од Законот за трговските друштва, и може да доведе до ненаменско и незаконско потрошени средства на терет на друштвото.

**Препорака**

Органите на управување и раководење на друштвото да преземат мерки и активности со цел да се донесе/ пропише процедура за начинот на користење на службените моторни возила, со вклучување на контролни активности (финансиска и оперативна), нејзино соодветно применување и воведување на евиденција за редовна контрола на потрошувачката на горивото во сите делови на системот на Македонски пошти, Дирекцијата и Подружниците.

## 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. За набавка на ИТ опрема[4] во 2012 година спроведена е отворена постапка предвидена во неколку позиции во програмата за инвестициони вложувања на Македонска Пошта, како и во планот за јавни набавки. За постапката како и реализација на договорите по рамковната спогодба ревизијата го констатира следното:

- Финансиската понуда на избраниот економски оператор, содржи само поединечни цени за опремата, без наведена количина, врз основа на тендерската документација, иако количината и вредноста се однапред познати и предвидени во програмата за инвестициони вложувања, како и во одлуката за јавни набавки. Како резултат на тоа, со електронска аукција добиена е финансиската понуда во вредност од 800 илјади денари, а вредноста на склучениот договор со рамковната спогодба е еднаква на одлуката за јавна набавка и изнесува до 49.995 илјади денари.
- Ревизијата не доби релевантен доказ дека за елементот квалитет е извршено правилно бодирање поради тоа што: избраниот економски оператор кој има максимален број на бодови за квалитет учествува со групна понуда т.е. конзорциум, но за истото не ни е презентиран договор за поднесување групна понуда како што е предвидено во член 41 став 2 од ЗЈН, а од друга страна понудите на економските оператори за оваа постапка се уништени со настанатиот пожар на 15.01.2013 година.

- ИТ опремата е целосно набавена и тоа: вредноста од 20.442 илјади денари кон крајот на 2012 година и остатокот од 22.359 илјади денари до јули месец 2013 година. Истата во 2013 година одреден период се наоѓа на залиха, а до денот на ревизијата во магацинот има залиха на опрема во износ од 9.192 илјади денари.

Со вака спроведената постапка со финансиска понуда со поединечни цени без наведена количина, без договор за групна понуда, уништената документација во пожарот и набавка на опрема која е на залиха одреден период а има рамковна спогодба

[4] работни станици, принтери, безжична опрема, шалтерска опрема и мрежна опрема

и дефинирани одредби за сукцесивна испорака, ревизијата не може да добие разумно уверување дали е постигната конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средства во постапките за доделување за јавна набавка.

**Препорака**

Органите на управување и раководење да преземат активности за правилна имплементација на постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

4.4.2. За евидентираната опрема вон употреба како и за дел од евидентираната опрема на залиха, ревизијата го констатира следното:

- Набавената опрема (машини за франкирање), во јануари 2011 година во вкупна вредност од 14.310 илјади денари, евидентирана дел како опрема вон употреба во Подружниците, со сегашна вредност од 11.822 илјади денари, а дел во магацинот како залиха на опрема во вредност од 2.069 илјади денари.
  - За истата претходно е спроведена постапка за јавна набавка предвидена во програмата за инвестициони вложувања за 2010 година, за што е склучена рамковна спогодба за период од една година и со која економскиот оператор не е обврзан да ја испорача целата количина, за секоја нарачка е предвидено да се потпише поединечен купопродажен договор.
  - Договорниот орган има склучено само еден договор по кој е набавена целата количина, а во кој предвидена е одредба за гарантен период од 12 месеци со кој се гарантира исправно функционирање на машините, сметајќи од неговото предавање на договорниот орган.
  - Во договорот исто така предвидено е поради неисправно функционирање, договорниот орган да бара од носителот на набавката, односно од производителот поправка или

замена во текот на гарантниот рок, без оглед на тоа кога се појавил недостатокот во функционирањето и има право и на надомест на штета поради тоа што бил лишен од употреба на стоката од моментот на замена до извршувањето.

- Најголем дел од опремата, е дадена во употреба по Подружниците, во истиот момент кога е набавена, но на крајот на 2011 година констатирано е дека истата не може да се употребува поради што евидентирана е како опрема вон употреба.

Ревизијата не доби доказ дека набавената опрема при давањето во употреба исправно функционира односно не добивме доказ дека во гарантниот рок е побарано од добавувачот да ги отстрани недостатоците на набавената опрема. Во октомври 2012 година формирана е група за ставање во функција на оваа опремата/ машини за франкирање, но до денот на ревизијата истите не се во функција.

- Во 2008 година набавена е опрема (4 машини за франкирање) во вредност од 1.332 илјади денари/сегашна вредност 992 илјади која е на залиха и до денот на ревизијата не е дадена во употреба.

Поради горенаведеното, набавка на опрема која не може да употребува, односно опрема која е на залиха подолг временски период, ревизијата не може да добие уверување за потребата од набавка на ваков тип на опрема, како и во законско и наменско користење на средства за оваа намена.

**Препорака**

Органите за управување да преземат активности за воспоставување на политики за утврдување на потребите од одреден тип на опрема, набавка, прием и давање на употреба на опремата; вршење на нарачка на опремата само со претходно барање од одредени служби; и да се напушти праксата на набавка на опрема која со години стои на залиха.

4.4.3. Согласно законските и подзаконските акти, како и склучените менаџерски договори, членовите на Управниот одбор имаат право на менаџерско осигурување. Врз основа на вака пропишаните акти од страна на Надзорниот одбор донесена е Одлука од 02.02.2009 година со која на менаџерите им се одобрува менаџерско осигурување. По донесување на Одлуката, распишана е постапка за јавна набавка за осигурување на имотот за 2011 година со која постапка е опфатено и менаџерското осигурување. Склучен е Договор за менаџерско осигурување на договорените износи на премија. Во член 8 од Договорот е пропишано дека доколку во текот на траење на полисата не дојде до исплата на сума за настаната несреќа ( смрт или траен инвалидитет) да му се исплати на Осигуреникот (менаџерот) 89% од целата исплатена премија за осигурување на менаџерот. Во Полисата за осигурување е утврдено дека во случај ако не дојде до исплата на сума за настаната несреќа ( смрт или траен инвалидитет) да му се исплати на Договарачот на осигурувањето (Македонска Пошта), односно Осигуреникот (менаџерот) 85% од уплатената сума. Во Одлуката на Надзорниот одбор е наведена само премијата за осигурување без да се наведе на кого ќе се врати премијата ако не дојде до исплата на штета.

Од сето горенаведено може да се констатирана дека со полисата за осигурување се дава можност 85% од осигурената сума да се врати или на Договарачот (Македонска Пошта) или Осигуреникот. Меѓутоа, органот на управување склучил договор во кој е прецизирано дека доколку во текот на траење на полисата не дојде до исплата на сума за настаната несреќа ( смрт или траен инвалидитет) да му се исплати на Осигуреникот (менаџерот) 89% од целата исплатена премија за осигурување на менаџерот. Во текот на 2012 година по овој основ на осигурителното друштво исплатен е износ од 2.880 илјади денари кој се однесува за осигурувањето за 2011 година. Поради настанат пожар на ден 15.01.2013 година, со Записник е утврдено дека документацијата за оваа постапка е изгорена ревизијата не е во состојба да утврди дали понудите доставени од страна на понудувачите содржат и по поволни услови и попусти во полза на осигуреникот ( Македонска Пошта).

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во иднина при склучување на вакви договори да ги имаат во предвид поволностите кои се нудат за претрпријатиeто во поглед на попусти и враќање на премијата за осигурување.

4.4.4. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и обективноста на искажаните расходи за угостителски услуги во вкупен износ од 686 илјади денари, издадени од рибник, по идентични фактури, со прилог сметкопотврди, потпишани од овластеното лице, од причини што не е означен основот за кој се потрошени средствата односно е извршена угостителската услуга. Признавањето на трошоците врз основа на некомплетна и неверодостојна документација не е во согласност со Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, Правилникот за водење сметководство – МСС 1, и член 469 и 472 од Законот за трговските друштва, и може да доведе до ненаменско и незаконско потрошени средства на терет на друштвото.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2. и 4.3. е неможност за потврдување на реалноста и веродостојноста на презентираните податоци во финансиските извештаи кои се однесуваат на неразрешените поделба на имотот со Македонски телеком АД – Скопје, искажаните побарувања од кусоци на пошти од кражби и разбојништво и побарувањата од проневери од вработени, не соодветното разграничување на искажаните расходи по години, начинот на признавање и мерење на расходите за гориво.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење - за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2. и 4.3. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Македонска пошта во државна сопственост – Скопје на ден 31.12. 2012 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Македонска пошта во државна сопственост – Скопје не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. На ден 15 јануари 2013 година во просториите на управната зграда на Дирекцијата е настанат пожар при што се оштедени дел од средствата.
Заради утврдување на висината на штетата во јануари и април месец 2013 година формирани се неколку комисии кои имале задача да ја утврдат состојбата на средствата после настанатиот пожар, при што ја утврдиле следната состојба:

- за градежниот дел комисијата констатирала целосно и делумно оштетување на градежните објекти, без утврдена висина на вредноста на истите;
- за опремата комисијата констатирала дека е уништена опрема со сметководствена вредност од 683 илјади денари;
- во продавницата на Бирото за филателија е констатирано дека се оштетени марки и останат материјал во износ од 5.742 илјади денари,

целосно изгорени марки во вредност од 222 илјади денари и целосно изгорени југословенски марки во вредност од 981 илјада денари;
- во главната и помошните благајни на ЕПМ ( шалтер салата која е оштетена најден е изгорен плик на девизна дотација на износ од 3000 ЕУР и кусок на парични средства во износ од 15 илјади денари и
- во канцелариите кои се наоѓаат непосредно до местото на избувнување на пожарот извршен е попис на целокупната документација (тендерска документација ) која не е изгорена.

По извршување на целосна проценка на настанатата штета ќе се утврди износот на настанатата штета, потребните парични средства за реконструкција, евентуалните признаени штети од осигурителните компании кои настани ќе имаат влијание на финансиските извештаи во иден период.

6.2. Македонска пошта потекнува од некогашното ПТТ “Македонија”, формирано со поделба на две посебни друштва на ЈП Македонска пошта и ЈП Македонски Телеком.
Македонска пошта и Македонски Телеком АД – Скопје (МКТ) се правни следбеници на Јавното претпријатие за ПТТ сообраќај “Македонија”, поделено врз основа на Одлука на Влада на РМ за делење на ЈП за ПТТ сообраќај објавена во Сл. Весник 72/96, при што со Одлука на УО на Претпријатието од 03.04.1997 година и Спогодба за финална имплементација и порамнување од 01.11.2000 година извршена е поделба на капиталот, средствата и обврските.
Поделбата на заедничкиот имот како и имотно-правните односи кои произлегуваат од таквата поделба се уште не се докрај спроведени и реализирани. Имено, во изминатиов период претходат заеднички активности, и тоа :

- Договорот кој е склучен во 2000 година е помеѓу Државен завод за геодетски работи (ДЗГР), Македонска пошта и МКТ за извршување на геодетско снимање на земјиштето и објектите со етажен премер, со воспоставување на катастарска евиденција и издавање на имотни листови или поседовен лист, не е реализиран и покрај договорените обврски и иницираните активности за издавање на имотни или поседовни листови со кои ќе се потврди реалната состојба по делбениот биланс. Дополнително, во септември 2009 година направен

е обид помеѓу трите страни за наоѓање на соодветна форма и начин за разрешување на состојбата со недвижниот имот, но поради непотполна техничка и правна документација како и поради настанати измени во законската регулатива, ДЗГР не можел да ја исполни претходно преземената обврска иако финансиските обврски на Македонска пошта и МКТ кон ДЗГР се целосно платени.

- За завршување на постапката за физичка делба и обезбедување на имотни листи за објектите, двете компании формирале комисии за хармонизација на оперативно ниво. Во Македонска пошта, комисијата е формирана со одлука на УО во јануари 2009 година, која одлука во ноември 2011 година е укината со решение донесено од Генералниот директор за формирање на работна група.

- Во 2010 година склучен е Меморандум за соработка помеѓу двете страни со кој се дефинира соработката по однос на прашањето на имотно правните односи.

- Како резултат на Меморандумот за соработка во јули 2010 година потпишан е Договор за поделба на трошоци во кој како предмет на договорот е наведено дека МКТ и Македонска пошта се согласни за потребите на ефикасно функционирање на двете компании врз основа на важечката регулатива / и двете страни да извршат физичка делба на недвижностите кои ги имаат во сопственост и на недвижностите кои согласно актите наведени во преамбулата на договорот[5] им припаѓаат во целосна сопственост како и да го уредат/поделат правото на користење на земјиштето. Со договорот се регулираат начинот на поделба на финансиски трошоци кои ќе настанат во текот на процесот на физичка делба на недвижниот имот до обезбедување на посебни имотни листи на име на МКТ и Македонска пошта. За недвижностите изготвени се сумарни табеларни прегледи во 2010 година, кои се составен дел на договорот, а истите се поделени во четири табели и тоа: 198 заеднички објекти, 23 објекти со користичко право на МП и МКТ и 65 заеднички објекти

[5] Одлука на Влада на РМ за делење на ЈП за ПТТ сообраќај објавена во Сл. Весник 72/96, при што со Одлука на УО на Претпријатието од 03.04.1997 година и Спогодба за финална имплементација и порамнување од 01.11.2000 година извршена е поделба на капиталот, средствата и обврските)

кои ги користи МП, додека објектите кои се во целосна сопственост на МКТ се изземени. Со договорот е регулирано дека МКТ и МП ќе извршат физичка делба на недвижностите врз принцип на меѓусебна соработка, табеларни прегледи и уважување на фактичката состојба.

- Во 2011 години поднесени се барања за добивање на имотни листи согласно одредбите од Законот за постапување со бесправно изградени објекти за објектите за кои не може да се најде валидна техничка документација, додека за објектите за кои има валидна техничка документација барањето е по редовна постапка. До денот на ревизијата, Македонска пошта има обезбедено имотни листи со право на сопственост само за округлата зграда, лименката, како и службениот стан. За сутеренот на округла зграда за која право на сопственост е заедничко со МКТ, иако физичка делба се уште не е финализирана, МКТ го има продадено нејзиниот дел на друг правен субјект.

- Во февруари и март 2013 година од страна на Генералниот директор доставена е информација за добивање на мислење од Државно правобранителство на РМ за поделба на имотот, со која Македонска пошта предлага нова поделба со МКТ.
  Во доставената информација опишана е само делбата во 1996/97 но не и настаните кои следат после тоа, а особено договорот за поделба на трошоци во 2010 година со кој треба да се заокружи физичката делба со МКТ. Државно правобранителство на РМ носи заклучок во кој стои дека: “Државно правобранителство би можело да даде мислење за предложениот начин на делба на 201 објект во сооднос 50%-50% со можност за размена на објектите или доплата, како начин предложен во Информацијата на АД Македонска пошта, од причина што Одлуката од 1996 година не е спроведена, фактичката состојба е променета и не може да се утврди каква била состојбата во 1996 година кога е донесена одлуката за делба, корисничко право на земјиштето на кое се наоѓаат објектите предмет на делба е запишано на двете друштва, како и од причина што нема финансиски импликации по Буџетот на РМ”.

Согласно насоките и мислењето на Државно правобранителство, со стварите во државна сопственост располага Владата на РМ кое што е определно во член 4 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради што истата информација е доставена до Владата на РМ во мај 2013 година за која е расправано е на 6-от состанок на УО во 2013 година.

По оваа информација Владата носи заклучок со кој се прифаќа предлогот за поделба на 201 објект во сооднос 50%-50% со можност за размена на објектите или доплата и истовремено се задолжува Македонска пошта да склучи спогодба со МКТ за поделба на недвижниот имот за 201 објект со што конечно ќе се заокружи поделбата на ЈП за ПТТ сообраќај “ Македонија” помеѓу двата правни субјекти. За да се реализира предложената нова поделба потребна е согласност и од МКТ.

Поради погоре наведената состојба, ревизијата нема можност да утврди какви импликации ќе има во финансиските извештаи во иднина. Ваквата состојба на нерешени имотно правни прашања т.е. не спроведената делба со МКТ предизвикува неизвесност во делот на состојбата со имотот со кој располага АД Македонска пошта, како и дополнителни финансиски средства за дејствијата кои ќе следат.

Од друга страна, ревизијата укажува дека согласно член 47 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, доколку се врши размена на недвижни ствари истото треба да се изврши на начин што објектите за размена се утврдуваат според проценетата вредност согласно Законот за проценка.

6.3. Во сметководствената евиденција по склучена Спогодба со Телеком во Македонска пошта искажани се Побарувања во вкупен износ од 49.144 илјади денари и Обврски во износ од 13.600 илјади денари. Искажаните побарувања и обврски произлегуваат од склучената Спогодба за финална имплементација и порамнување број 03-12304/1 од 01.11.2000 година и Анекс кон истата број 02-9220/1 од 31.07.2001 година со која се регулираат отворените прашања кои произлегуваат од поделбата на ПТТ во МП и МТ. Кон Спогодбата е приложен Преглед на дејствија (објекти и парични средства) кои треба да се преземат и истиот претставува составен дел на Спогодбата. Овие дејствија требало да бидат извршени итно, правилно и законски, што е можно поскоро, најдоцна до 01 ноември 2001 година.

Со склучување на Анекс кон Спогодбата за финална имплементација и порамнување во 2001 се изменува делот (3) „Плаќање за порамнување" односно наместо „Македонски телекомуникации" износот од 15.007.741 ДЕМ да го плати на „Македонски пошти" заклучно со 30 јуни 2001 година, се врши доуредување на начинот на плаќање. Остатокот на неплатените побарувања во износ од 9.211.508 ДЕМ да се плати: 75% веднаш по потпишувањето на Анексот, а 25% по добивање на имотни листови за објектите кои се наведени во Прегледот кој е во прилог на Спогодбата. Државниот завод за геодетски работи - Скопје во тој период нема востановено целосен катастар на недвижности. До денот на ревизијата не се обезбедени целосно имотни листи за објектите и истите не се платени од страна на Телеком.
Со цел убрзано и ефикасно завршување на целиот процес на физичка делба на недвижниот имот, двете компании се согласиле да извршат физичка делба на недвижностите, за која цел на 25.08.2010 година склучиле договор за поделба на финансиските трошоци кои ќе настанат во процесот на физичката делба.

Во член 8 од договорот е утврдено дека по целосно исполнување на обврските утврдени во договорот, односно по добивање на посебни имотни листови за објектите кои се предмет на договорот, договорните страни се обврзуваат да ги подмират меѓусебните финансиски побарувања и обврски кои произлегуваат од Спогодбата за финална имплементација и порамнување.
До денот на ревизијата оваа постапка се уште не е завршена.

Со потпишувањето на Анекс кон спогодбата со кој се пролонгира рокот на плаќање, застапникот на Македонска пошта, овозможил „Македонски телекомуникации" наведените објекти да ги користи непречено иако истите не ги платил. Со ваквата постапка не е дадена можност Македонска пошта да располага со градежните објекти и паричните средства и неизвесна е наплатата на паричните средства во износ од 35.544 илјади денари ( 49.144 побарувања - 13.600 обврски).

6.4. На ден 21.11.2006 година Владата на Република Македонија донела Одлука за преобразба на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај “Македонска пошта “ ц.о. Скопје во Акционерско друштво во државна сопственост. Во член 7 од Статутот е утврдено дека основната главница на Друштвото според корегираната сметководствена вредност утврдена со проценка на вредноста на капиталот на 31.03.2006 година изнесува 2.041.273 илјади денари, односно 33.374.524 евра, распоредена на 408.827 обични акции. Во Централниот регистар на Република Македонија, основната главнина е упишана со оваа вредност, односно според проценката извршена на 31.03.2006 година во која е вклучена претпоставена добивка од 3.597 илјади денари. Меѓутоа, деловната 2006 година е завршена со загуба, поради што сметководствената вредност на капиталот е помала за 29.432 илјади денари од вредноста на запишаниот катитал. За таа разлика е извршено книговодствено усогласување, односно евидентиран е ревалоризационен кусок. Горенаведеното има за последица не усогласеност на запишаниот основачки влог во Централен регистар и вредноста на запишаниот капитал во трговските книги за износ од 29.432 илјади денари.

6.5. Во одредбите на член 383 од Законот за трговски друштва е пропишано дека Собранието на друштвото (основачот) ја одобрува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на акционерското друштво, а во одредбите на член 483 и 484 од истиот закон е пропишано дека собранието одлучуваат за распоредување на добивката, односно покривањето на загубите на акционерското друштво. Покривањето на загубите се врши редоследно од следните извори кои се наведуваат во одлуката за покривање на загубата и тоа:

- Акумулирана добивка;
- На товар на задолжителна општа резерва;
- На товар на посебните резерви за покривање загуби;
- Премии и
- На товар на основната главнина со нејзино намалување.

Во изминатиот период Македонска пошта нема обезбедено мислење од основачот за годишните сметки, финансиските извештаи и извештаите од работењето за 2006, 2007 2008, 2009, 2010 и 2012 година, како и начинот на покривање на искажаните загуби за 2006, 2007, 2008 и 2012 година и распределување на добивката за 2009 и 2010 година.

Од страна на основачот усвоени се само Извештајот за работењето и годишната сметка за 2011 година при што е донесена одлука за остварената добивка да се употреби за покривање на загубите од работењето. Ревизијата укажува дека потребно е во најкус рок да се изврши распоредување на добивката, односно да се изврши покривањето на загубите на друштво со цел да се подобри економска состојба на претпријатието. Во периодот на доставување на забелешки на Нацрт извештајот, одговорното лице извести дека основачот на Македонска пошта на 22.01.2014 година донел одлуки за одобрување на годишните сметки и финансиските извештаи за 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 година, без да се произнесе за начинот на покривање на загубите.

6.6. Согласно договорот за меѓусебна деловна соработка потпишан на ден 29.08.2001 година помеѓу Македонска пошта и Поштенска банка Скопје и Договорот за вршење на платен промет во поштите за сметка на Поштенска банка, Македонска пошта во сите пошти врши платен промет во име и за сметка на Поштенска банка. Важноста на овие договори е до 2016 година. Во Договорот за вршење на платен промет е пропишано дека Поштата е должна да ги осигура сите парични средства што се наоѓаат во поштите и трезорите на Поштата, сите парични средства за време на достава, превоз, натовар и претовар, паричните средства испратени како вредносни пратки до фактичката вредност и сите парични средства за време на ракување во време на извршување на технолошкиот процес. Во случај на кражби, провали, природни непогоди Поштата е должна да и исплати на Поштенска банка целосна оштета без оглед на осигурениот износ. Ваквите одредби од договорот создаваат обврски и материјален издаток за Македонска пошта целосно да ги осигура паричните средстава, да обезбеди асистенција при транспорт на парични средства а целокупниот износ за извршените проневери и кражби Македонска пошта треба да ги надокнади на Поштенска банка.

6.7. Во тек се судски постапки во кои Македонска пошта се наоѓа како тужена страна и како тужител. Вредноста на судските постапки во кои Македонска пошта е тужена страна е 157.829 илјади денари, а вредноста каде се јавува како тужител е 44.109 илјади денари. Од вкупните поднесени тужби во кои Македонска пошта се јавува како тужена страна износот од 107.690 илјади денари се однесува на три тужби поднесени од

страна на АД Поштенска банка. Од вкупната вредност на тужбите во кои Македонска пошта е тужител, износот од 29.907 илјади денари се однесува за три тужби поднесени против Поштенска банка АД Скопје.

Имајќи ја во предвид висината на тужбените барања во делот на главниот долг, евентуалните пресметани и признаени камати и судските трошоци за водење на постапката постои ризик за влошување на солветноста и ликвидноста на претпријатието.

Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со претпријатието во соработка со основачот да превземат конкретни мерки за подобрување на начинот на кој се извршува дејноста за надминување на неповолната финансиска состојба.

6.8. Поштенска банка е правно лице во Република Македонија основано согласно Законот за Банки. Акционерскиот капитал на Поштенска банка, 2/3 е во сопственост на приватен капитал, а 1/3 е во сопственост на Македонска пошта. Република Македонија има златна акција во Поштенска банка. Во деловните книги на Македонска пошта овие акции се искажани во вредност од 146.653 илјади денари. Во текот на 2013 година со измените на Законот за банки, Македонска пошта не е акционер во Поштенска банка, туку Република Македонија ја има златната акција во Поштенска банка се до целосна приватизација на Поштенска банка.

Поради ваквите измени помеѓу Македонска Пошта и Владата на РМ склучен е договор за дар на акциите чија книговодствена вредност е 146.653 илјади денари. Во Централниот депозитар на хартии од вредност истите се пренесени на новиот сопственик Република Македонија. Извршувањето на оваа трансакција во сметководствената евиденција за 2013 година е евидентирана како трошок за истиот износ кои директно имаат влијание на финансиските извештаи за 2013 година.

6.9. Според податоците во сметководствената евиденција ревизијата констатира дека ненаплатените побарувањата бележат пораст. Имено според сметководствената евиденција за 2011 година од вкупните побарувања ненаплатени биле 19,08% додека во 2012 процентот е 27,52%, а за период до десети месец 2013 година процентот е 41,38%.Во истиот временски период расте и процентот на неизмирени обврски спрема добавувачите, така што за 2011 година изнесува 15,97%, за 2012 година процентот е 24,29%, а за период до десети месец 2013 година тој процент е

32,32 %. Ненавремената наплата на побарувањата влијае на ненавремено измирување на обврските и има за последица влошување на солвентноста и ликвидноста на претпријатието.

6.10. Македонска пошта, врз основа на Статутот и Правилникот за договорна пошта број 02УО-801/1 од 28.03.2012 година, во текот на 2012 и 2013 година, ангажира физички лица за вршење на универзална поштенска услуга, прием и достава на поштенски пратки - договорен поштар односно пошторазнесувач. Ангажирањето на договорните поштари се врши во руралните делови во единиците на поштенската мрежа низ РМ. Со состојба 31.12.2012 година ангажирани се 39 а исплатени се средства во износ од 40 илјади денари, а заклучно со декември 2013 година ангажирани се околу 100 договорни поштари за што заедно со персонален данок се исплатени над 4.300 илјади денари. Согласно Законот за поштенски услуги и Правилникот за барањата на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење, Македонска пошта АД - Скопје, е должна да обезбеди услуги опфатени со универзална услуга, најмалку пет работни денови во неделата, најмалку едно собирање и една достава на поштенски пратки дневно во станот или во просториите на секое правно или физичко лице низ РМ. Во април 2013 година, АД Македонска пошта побарала согласност за вработување за 94 лица од кои 65 се за работното место пошторазнесувач, на кое не е добиена согласност. Со оглед на потребата од ангажирање на овие лица а со цел да се обезбеди законитост на целокупната постапка за вработување како и плаќање на задолжителните придонеси од плата, ревизијата препорачува во соработка со основачот, Собранието на АД Македонски пошти, да се обезбедат услови за нивно ангажирање и вработувања согласно законската регулатива во РМ и Законот за работни односи.

6.11. Во септември 2010 врз основа на постапка за јавна набавка склучен е рамковен тригодишен договор за извршена услуга - мерење на квалитетот на пренос на поштенски пратки со вкупна вредност на годишно ниво од 5.806 илјади денари. Согласно договорот, а врз основа на доставените извештаи за квалитет на поштенски пратки, Македонски пошти АД месечно во еднакви рати исплаќа 484 илјади денари. Со оглед на финансиските потешкотии со кои се соочува друштвото, ревизијата има обврска да укаже дека иако со договорот е дадена можност за

намалување на цената односно во член 8 е предвидено економскиот оператор се обврзува да врши ревизија на цените во насока на намалување по истекот на првата година во согласност со трендот на намалување на цените на пазарот, истото не е направено од страна на економскиот оператор ниту Македонска пошта АД го има иницирано со цел да се намалат расходите по овој основ поради што е и забавена динамиката на редовно плаќање на економскиот оператор што може да доведе до судски спор.

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 3.1 | 1,483,295 | 1,441,655 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 3.2 | 11,007 | 21,394 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **1,494,302** | **1,463,049** |
| ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ | 3.3 | 157,210 | 140,432 |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 3.4 | 203,840 | 211,166 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 3.5 | 891,121 | 888,632 |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 3.6 | 101,258 | 101,952 |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 3.7 | 92,629 | 96,122 |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 3.8 | 56 | 9,781 |
| РЕЗЕРВИРАЊА ЗА ТРОШОЦИ И РИЗИЦИ | 3.9 | 15,769 | 0 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 3.10 | 33,394 | 11,711 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **1,495,277** | **1,459,796** |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 3.11 | 5,069 | 6,599 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 3.12 | 3,095 | 3,557 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | **999** | **6,295** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **999** | **6,295** |
| **Данок од добивка** | | **2,834** | **820** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | | **(1,835)** | **5,475** |

Образложенијата д се составен дел на финансиските извештаи

## АД МАКЕДОНСКА ПОШТА СКОПЈЕ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениjа | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ | 4.1 | 56,058 | 73,348 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ПОВРЗАНИ ДРУШТВА | | 0 | 0 |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | 4.2 | 430,577 | 309,485 |
| ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ | 4.3 | 719 | 474 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | 4.4 | 11,745 | 14,171 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ | 4.5 | 728 | 792 |
| ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА | 4.6 | 164,789 | 163,865 |
| КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 4.7 | 4,894 | 4,851 |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 4.8 | 53,224 | 17,637 |
| ЗАЛИХИ | 4.9 | 53,016 | 51,249 |
| **Вкупно тековни средства** | | 775,750 | 635,872 |
| **Нетековни средства** | | | |
| НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 4.10 | 2,760 | 4,863 |
| МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 4.11 | 1,173,685 | 1,247,256 |
| ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ | 4.12 | 28,999 | 28,999 |
| *ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА* | 4.13 | 147,258 | 147,258 |
| **Вкупно нетековни средства** | | 1,352,702 | 1,428,376 |
| **Вкупна актива** | | 2,128,452 | 2,064,248 |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | | 149,281 | 150,017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | 4.14 | 218,910 | 158,626 |
| ПРИМЕНИ АВАНСИ, КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 4.15 | 482 | 317 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 4.16 | 595 | 962 |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | 4.17 | 12,780 | 12,108 |
| ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И КРАТКОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | 4.18 | 571 | 911 |
| ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИ ПЕРИОДИ (ПВР) | 4.19 | 12,192 | 5,775 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **245,530** | **178,699** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | 4.20 | 348 | 1,140 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **348** | **1,140** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| ОСНОВНА ГЛАВНИНА -ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | 4.21 | 2,041,273 | 2,041,273 |
| РЕВАЛОРИЗАЦИОНИ РЕЗЕРВИ И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 4.22 | 29,432 | 29,432 |
| РЕЗЕРВИ | 4.23 | 27,458 | 27,458 |
| АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 4.24 | 46,116 | 40,641 |
| ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | 4.25 | 201,006 | 201,006 |
| ДОБИВКА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | | 0 | 5,475 |
| ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | 4.26 | 1,835 | 0 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **2,257,128** | **2,248,013** |
| **Вкупна пасива** | | **2,128,452** | **2,064,248** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | | **149,281** | **150,017** |

АД МАКЕДОНСКА ПОШТА СКОПЈЕ

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

| О П И С | ОСНОВНА ГЛАВНИНА - ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | РЕВАЛОРИЗАЦИОНИ РЕЗЕРВИ И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | РЕЗЕРВИ | АКУМУЛИРА НА ДОБИВКА | ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | ДОБИВКА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **2,041,273** | **-29,432** | **27,458** | **40,641** | **-201,006** | **5,475** | | **1,884,409** |
| Уплати на акции | | | | | | | | 0 |
| Добивка за деловна година | | | | | | | | 0 |
| Распределба на добивката за претходна година во корист на капиталот и резервите | | | | 5,475 | | -5,475 | | = |
| Распределба на добивката за претходна година за дивиденди | | | | | | | | 0 |
| Ревалоризациона резерва за годината | | | | | | | | 0 |
| Загуба за деловна година | | | | | | | 1,835 | -1,835 |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | | | | | | | | 0 |
| Покривање на загубата на терет на добивката | | | | | | | | 0 |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | | | | | | | | 0 |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **2,041,273** | **-29,432** | **27,458** | **46,116** | **-201,006** | **0** | **1,835** | **1,882,574** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2012 ГОДИНА

| | во 000 денари |
|---|---|
| | **2012/2011** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(1,835)** |
| Усогласување за Трошоци / приходи кои не предизвикуваат одлив /прилив на парични средства | |
| | |
| Амортизација | 101,258 |
| Резервирања на трошоци и ризици | 15,769 |
| Невообичаени приходи | (2,962) |
| Вишоци | (858) |
| **Готовински текови од работење** | **111,372** |
| | |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | (136,274) |
| ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ | 86 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | 2,426 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ | 64 |
| ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА | (924) |
| КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | (43) |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | (35,587) |
| ЗАЛИХИ | (1,767) |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | 60,284 |
| ПРИМЕНИ АВАНСИ, КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 165 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | (367) |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | 672 |
| ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И КРАТКОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | (340) |
| ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИ ПЕРИОДИ (ПВР) | 6,417 |
| ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | (792) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **5,392** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 0 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (22,682) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(22,682)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | 0 |
| Капитал | |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **0** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(17,290)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **73,348** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **56,058** |

МАКЕДОНСКА
ПОШТА

Акционерско друштво за поштенски сообраќај
**Македонска пошта** во државна сопственост - Скопје
бул. Орце Николов 66 • 1000 Скопје
**Тел** 02/3105-105 • **Факс** 02/3120-212
**www.posta.com.mk**

Арх.бр. 0209-294/2
Скопје, 14.02.2014 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 17.02.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 19-105/3 | | |

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул. Македонија 12/3
1000 Скопје

Предмет: Забелешки на Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласенот за 2012 година

Почитувани,

Согласно Вашиот допис бр.19-105/2 од 17.01.2014 година во дадениот временски рок ги даваме следните забелешки по истиот:

**Препорака 4.3.3**
**,,Надлежните органи за управување и раководење на Македонска пошта да преземат мерки и активности за почитување на пропишаните процедури за движење на докуменатцијата со што ќе се овозможи навремено доставување до службата за сметководство заради навремено евидентирање,,.**

Надлежните органи за раководење преземат максимални мерки за навремено евидентирање на сметководствената документација и тоа особено документацијата за месец декември а со цел правилно разграничување на сметководствените настани во соодветната година. И покрај преземените мерки и писменото известување до сите служби влезните фактури кои се однесуваат за изминатата година да ги доставaт во финансии за евидентирање, се случува фактури кои се однесуваат за услуги да останат неопфатени во евиденција за изминатата година.
Состојбата со прелевање на приходи и расходи од една година во друга е последица на повеќе причини како што е наметнатата обврска за задолжително потврдување на состојбите на побарувања и обврски со фирмите при спроведувањето на годишниот попис со 31.12. Истото бара затварање на книжењата за деловната година пред затварањето на пописот на побарувања и обврски. Во тековното усогласување со фирмите има пракса да добиваме ИОСИ (изводи на отворени ставки) без нивна состојба со што немаме увид дали сме усогласени т.е.дали има нивни фактури кои поради системот на интерни контроли сеуште не се стигнати во финансии за да се евидентираат.

Освен тоа во втората половина од месец јануари се преземаат и активности од соодветните служби за проценување на приходите и расходите за кои ке следи фактурирање за активности кои се извршени во годината која завршила на 31.12.
Прелевањето на расходите од една во друга година не е резултат на воспоставена пракса во сметководствената евиденција туку е резултат на објективни околности.

**Препорака 4.3.4**
**„Органите на управување и раководење на друштвото да преземат мерки и активности со цел да се донесе/пропише процедура за начинот на користење на службените моторни возила, со вклучување на контролни активности, нејзино соодветно применување и воведување на евиденцијата за редовна контрола на потрошувачката на горивото во сите делови на системот на Македонска пошта дирекција и подружници„.**

Оваа препорака е дадена по добиеното уверување на ревизијата дека трошоците за гориво се признаени врз основа на некомплетна и неверодостојна документација.
Цениме дека наведеното уверување на ревизијата не соодветствува со реалната состојба. Фактурите кои се однесуваат за потрошеното гориво за службените возила во прилог имаат детални прегледи-спецификациии за реализираната продажба со верна картчка. Од спецификацијата точно се гледа за кое возило во кој ден и во кое време е точено гориво, бројот на сметката, количината, видот на горивото и цената.

Прилог: Копија од една Спецификација

**Препорака 4.4.1**
**Органите на управување и раководење да преземат активности за правилна имплементација на постапките за доделување на договорите за јавни набавки**

Оваа препорака е дадена по ревидирање на постапката за набавка на ИТ опрема (работни станици, принтери, безжична опрема, шалтерска опрема и мрежна опрема) во 2012 година, за која во електорнска аукција добиена е финансика понуда во вредност од 800 иљади денари а вредноста на склучената рамковна спогодба е 49.995 иљади денари.
Согласно членот 2 од Законот за јавни набавки (ЗЈН) се обезбедува:

- Конкуренција меѓу економските оператори
- Еднаков третман и недискриминација на економските оператори,
- Транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и
- Рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Во согласност со ЗЈН а врз основа на планот за јавни набавки за 2012 година спроведена е постапка за набавка на ИТ опрема. Како што е наведено во забелешките на ДЗР уредно е донесена Одлука за јавна набавка во која децидно се наведени количините.

1.При спроведување на постапката првенствено во согласност со законот и вредноста на набавката извршена е консултација со Бирото за јавни набавки во однос на економска и финансиска состојба, при што од Бирото е добиен одговор во кој децидно се вели дека:

*"сметаме дека договорниот орган со процена на условите односно вредност на договорот, предметот на набавка, траење на договорот, познавањето на пазарот на стоки, работите и услугите кои треба да ги набави, ќе определи која би требало да биде висината на износот на годишниот обрт."*

Значи ние како договорен орган во целост го следиме и применуваме начелото на транспарентност и интегритет на набавката, со цел да се обезбеди конкуренција и еднаков третман, при што побарана е економска способност во согласност со предметот на набавката и времетраењето на истата.

2.Во контекст на член 2 по објава на постапката и реакција на економските оператори на спецификацијата на опремата веднаш е доставен писмен допис до Секторот за информатичка технологија да ја прегледа повторно спецификацијата и да изврши корекција на истата доколку има потреба. Во согласност на конкуренцијата и еднаквиот третман извршена е корекција на спецификацијата со цел за учество на повеќе економски оператори со поднесување на понуди, во согласност со барањата на економскиот оператор кој укажуваше на спецификацијата. НАПОМЕНУВАМЕ економскиот оператор поднесе жалба која од Државната комисија за жалби по јавни набавки беше одбиена како НЕДОЗВОЛЕНА , но сепак и по добивањето на Решението од ДКЖЈН се изврши исправка на спецификацијата со цел да се запази конкуренцијата и еднаквиот третман.

3.Потоа од друг економски оператор е укажано на високиот број на вработени кој се бара за техничка способност, на што самиот си одговара дека МАСИТ-Стопанска комата за информатички технологии и комуникациски технологии има дадено потврда во која се вели:

*"Бројот на ИКТ компании членови на МАСИТчии број на вработени е над 60 е 6 компании.Доколку од анализата се исклучат телекомуникациските компании бројот на компании со над 60 вработени е 4 комании."*

што значи дека во Македонија има 4 самостојни економски оператори (без телекомуникациските компании) кои имаат повеќе од 60 вработени, притоа незамајќи ја во предвид можноста за здружување на економски опратори за поднесување на заедничка понуда. Повторно параметрите се во согласност со член 2 од ЗЈН односно постои конкуренција, еднаков третман и недискриминација.

4.Во согласност со член 39 од ЗЈН , во законски рок и од стручни лица на Секторот за информатички технологии е одговорено на прашања од економски оператор, по што истите се доставени до сите кои подигнале тендерска документација, со што повторно се потврдува примената на начелото за еднаков третман и конкуренција.

Во согласност со изнесеното на денот на отварање на понудите се поднесени 3 понуди од кои 1 самостојна и 2 понуди со заеднички настап. Значи конкуренција меѓу економските оператори постои, а применета е и можноста за заеднички настап на економски опратори.

По евалуација на квалитетот од стручно лице изготвена е ранг листа за реализација на е-аукција и спроведена е е-аукцијата во која е евидентно дека има негативно наддавање при што понудувачот кој настапува самостојно ја преполовува својата цена на аукцијата, што значи конкуренција постои. Во согласност со сите претходни постапувања во согласност со член 2 на кој се повикува ДЗР по донесување на Одлука за избор не е поднесена жалба од економски оператор.

Во однос на количините, нагласуваме дека Тендерската е изготвена во согласност со член 32 од ЗЈН и содржи елементи пропишани со ЗЈН, а напоменуваме дека во ниту една забелешка на економски оператор нема забелешка на факотот дека се бараат единечни цени без количини бидејќи тендерската е во согласност со ЗЈН.

Значаен факт за целата набавка е дека станува збор за рамковна спогодба со времетраење од 2 (две)години, за која како што во коментарот на законот сочинет од изготвувачите на законот за позитивните страни на рамковната спогодба се вели:

- Рамковната спогодба не го обврзува договорниот орга да ја изврши набавката,
- Избор на квалитетни економски оператори кои се способни да ја задоволат потребата за набавка

Што се однесува до констатацијата на ревизорите на ДЗР дека не добила релевантни докази за елементот квалитет, извршено е правилно бодирање поради изгорена од пожарот на 15.01.2013 дел од тендерската документација т.е. Понудите на економските оператори сметаме дека ревизорите треба да даваат препорака да се побара од економските оператори копија од тендерската документација заверена но нотар да се стават на увид на ревизорите на ДЗР.

**Препорака 4.4.3**

**„Надлежните органи за управување и раководење во иднина при склучување на вакви договори да имаат во предвид поволностите кои се нудат за претпријатието во поглед на попусти и враќање на премијата за осигурување„.**

Оваа препорака е дадена по ревидирање на договорот за менаџерско осигурување за 2011 година склучен по спроведена постапка за јавна набавка.
Врз основа на одлуката на Надзорнит одбор за менаџерско осигурување и спроведената постапка за јавни набавки а согласно Планот за јавни набавки и Законот за јавни набавки склучен е договор со најповолниот понудувач. Во членот 8 од Договорот за менаџерско осигурување за периодот од 01.01.2011 до 01.01.2012 година е пропишано дека доколку недојде до исплата на сума за настанатата несреќа на осигуреникот ке му се исплати 89% од целата исплатена премија за осигурување. Истото е во согласност со доставената понуда од осигурителната компанија која е избрана како најповолна.
Полисите се изработуваат и склучуваат врз основа на утврдените услови во договорот, согласно членот 8 од договорот и во точка 1 од Полисата за менаџерско осигурување стои: ,,Ако не е извршена исплата за случај на смрт или траен инвалидитет има право на надоместок од 89% од уплатената премија,, т.е. полисата е во согласност со договорот и доставената понуда во делот на исплата на надоместокот во случај на неисплатена штета.
Во делот каде се утврдува разликата која треба да се исплати од надоместокот во случај **кога има исплата на надоместок** направен е технички пропуст од осигурителната компанија наместо 89 % ставено е 85%, нивниот технички пропуст го потврдуваат и со писмен допис.

Прилог: Копија од дописот на Осигурителната компанија

**Точка 4.4.4**
**Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи за угостителски услуги во вкупен износ од 686 илјади денари.**

Фактурите се однесуваат за користени угостителски услуги во текот на цела 2012 година, истото може да се види од датите кога се изготвени фактурите. Фактурите во Македонска пошта се доставени во месец декември 2012 година. Овластеното лице со потпишување на истите потврдува дека услугата е извршена и дека се работи за службени цели.

**Точка 6.1**
Во однос на нагласеното прашање во оваа точка во делот што се однесува за уништениот и оштетен филателистикчки материјал од настанатиот пожар на 15 јануари 2013 година, даваме дополнително објаснување:

Износот од 5.963.249 денари на оштетени и изгорени марки претставува нивна продажна вредност (номинална вредност). Набавната вредност на истите (цена на чинење) изнесува 192.177 денари. Продажната вредност на изгорените југословенски марки изнесува 980.972 денари, а набавната вредност на истите изнесува 642.320 денари. Вкупната набавна вредност на опожарениот и оштетен филателистички материјал изнесува 834.497 денари.

**Точка 6.5**
Во врска со нагласената потреба за одобрување на Годишните сметки и финансиките извештаи за 2006, 2007, 2008, 2009, 2010 и 2012 година од страна на Основачот –Владата на Република Македонија истакнуваме дека:

Владата на Република Македонија во својство на Собрание на друштвото на седницата одржана на 22.01.2014 година ги одобри Годишните сметки и финансиките извештаи за 2006, 2007, 2008 и 2010 година. Одлуките се објавени во ,,Службен весник на Република Македонија,, бр .19 од 29.01.2014 година.

Годишната сметка и финансиките извештаи за 2012 година се во процедура на разгледување и одобрување во Владата на Република Македонија.

**Точка 6.10**
Во врска со нагласените состојби во оваа точка а поврзано со реализација на нови вработувања, истакнуваме дека:

АД ,,Македонска пошта,, -Скопје од Министерството за финансии добила согласност за преземање на 68 вработени од ЈП Македонски шуми и вработување на нови 70 лица преку јавен оглас. Во тек е постапката за вработување на 70 лица, а од ЈП Македонски шуми преземањето е реализирано од 01.02.2014 година.

Со почит,

Генерален директор
Rafis Aliti

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ во државна сопственост МАКЕДОНСКА ПОШТА СКОПЈЕ

**Прилог бр.3**

**Одговор**

**на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Македонска пошта во државна сопственост – Скопје, (во понатамошниот текст Македонска пошта), достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година, под број 0208-294/2, заведени во Државниот завод за ревизија на 17.02.2014 година под број 19-105/3.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на препораката дадена на **точката 4.3.3.** која се однесува за преземање мерки и активности од страна на надлежните органи на Македонска пошта за почитување на пропишаните процедури за движење на документацијата со што ќе се овозможи нивно навремено доставување до Службата за сметководство заради евидентирање **претставуваат известување** за причините кои довеле за констатираната состојба.

2. Упатената забелешка на препораката дадена на **точката 4.3.4** која се однесува за преземање мерки од страна на органите за управување и раководење за донесување/ пропишување процедура за начинот на користење на службените моторни возила, со вклучување на контролни активности (финансиска и оперативна), нејзино соодветно применување и воведување на евиденција за редовна контрола на потрошувачката на горивото во сите делови на системот на Македонски пошти, Дирекцијата и Подружниците **не се прифаќа.** Даденото образложение и прилог документацијата доставени кон Забелешките ревизијата ги имаше во предвид и при извршување на ревизијата а не се доставени нови докази кои ќе ја оспорат утврдената состојба.

3. Упатената забелешка на констатациите и препораката во **точката 4.4.1** кои се однесуваат за преземање мерки од страна на органите на управување и раководење за правилна имплементација на постапките

за доделување на договорите за јавни набавки **не се прифаќа** поради не доставени нови докази, а даденото образложение не содејствува со констатациите наведени во Нацрт извештајот. Констатираната состојба на ревизијата се однесува на финансиската понуда со поединечни цени која е без наведена количина, без договор за групна понуда, како и уништената документација во пожарот, а доставените забелешки се однесуваат на преземени активности пред спроведување на постапката за јавната набавка.

4. Упатените забелешки на констатациите и препораката од **точката 4.4.3** која се однесува за преземање мерки од страна на надлежните органи на управување и раководење при склучување на договори за менаџерско осигурување да имаат во предвид погодностите кои се нудат за претпријатието во поглед на попусти и враќање на премијата за осигурување **не се прифаќа** поради не доставување на нови докази кои ќе ја оспорат утврдената состојба. Во прилог на забелешките доставен е допис од осигурителната компанија за настаната печатна грешка, кој не влијае на утврдената состојба и наодот на ревизорот.
   Со наодот ревизијата констатира дека во Одлуката на Надзорниот одбор е наведена само премијата за осигурување без да се наведе на кого ќе се врати премијата ако не дојде до исплата на штета, како и неможноста поради настанатиот пожар во кој документацијата за оваа постапка е изгорена. да утврди дали понудите доставени од страна на понудувачите содржат и по поволни услови и попусти во полза на осигуреникот Македонска Пошта.

5. Упатените забелешки на констатациите од **точката 4.4.4** која се однесува на неможност на ревизијата да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи за угостителски услуги во вкупен износ од 686 илјади денари **не се прифаќа** поради не доставени нови докази со кои ќе се измени констатираната состојба. Наведените документи во забелешките ревизијата ги имаше во предвид и во текот на извршување на ревизијата.

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ____________________

2.____________________ __________________________

3.____________________

6. Упатените забелешки од делот - Нагласувања на прашања за неизвесност и континуитет, точка **6.1., претставуваат известување,** односно дополнителни информации за вредноста на оштетените материјали во пожарот.

7. Упатените забелешки на **точката 6.5.** која се однесува на необезбедено мислење од основачот за годишните сметки, финансиските извештаи и извештаите од работењето за 2006, 2007, 2008, 2009, 2010 и 2012 година, како и начинот на покривање на искажаните загуби за 2006, 2007, 2008 и 2012 година и распределување на добивката за 2009 и 2010 година **претставуваат известување** за преземените мерки од страна на основачот. Имено, по извршената ревизија, Владата на Република Македонија во својство на Собрание на друштвото на седницата одржана на 22.01.2014 година ги одобрила годишните сметки и финансиските извештаи за 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 година, без да се произнесе за начинот на покривање на загубите, што соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај.

8. Упатените забелешки од делот Нагласувања на прашања за неизвесност и континуитет **во точката 6.10**. која се однесува на добивање на согласност од основачот за вработување на пошто разнесувачи, **претставува известување** односно информација дека е добиена согласност од Министерството за финансии за преземени 68 вработени од Македонски шуми кои ќе бидат ангажирани на работа во Македонска пошта.

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ______________________

2.______________________ ____________________________

3.______________________